**ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА**
**за 2020 година**

Планот за следење на судската пракса има за цел да го определи начинот на кој ќе се составуват предлози по прашања што се изнесуваат на седниците на одделите заради заземање на определен став за воедначување на судската пракса, како и постапката на избор на одлуки од ВСРСМ кои ќе бидат обработени во следниот Билтен на судска пракса на АС Штип.

Како што е наведено во Програмата за работа на АС Штип за 2020 година, во текот на 2020 година во Одделот за судска пракса ќе работат Претседателот на судот судијата Наке Георгиев, Претседателот на Кривичен оддел судија Корнелија Давчева и Претседателот на Граѓански оддел Зоранчо Мицевски, Претседател на совет, судија Данка Ристова и судиите Сузана Здравева и Светлана Јованова, стручните соработници Ефимија Кралева и Гордана Јанева, и информатичар Елизабета Џонова, како што ќе е определено со Годишниот распоред за работа на Апелациониот суд во Штип.

Во Одделот за судска пракса ќе се евидентираат:

-Одлуките на Европскиот суд за човекови права во Стразбур;
-Иницијативи од Врховен суд на РСМ;
-Одлуки на Врховниот суд на РСМ, поделени по правни области;
-Одлуки за судска пракса, поделени по правни области;
-Табели за евиденција на ВПЛ и одлуки за СП;
-Записници од седници на оддел;
-Правни прашања и заклучоци на одделите во АС Штип по одделни правни прашања иницирани во АС Штип и од Основните судови од подрајчето на овој суд;
-Заеднички правни ставови на ниво на Апелациони судови на РМ,
-Стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на Судската пракса на Врховниот суд на РСМ и Збирка на судски одлуки како и начелни ставови на Врховен суд на РСМ;
-Анализи, информации и укажувања од АС Штип и основните судови на подрачјето на овој суд,
-Сентенци, осврти и други материјали за Билтенот на Судска пракса на АС Штип,
-Други материјали од важност за судската практика.

## Постапка на избор на одлуки за судска пракса

Секоја одлука од ВСРСМ по приемот во судската писарница ќе се доставува на преглед до секој судија кој постапува по соодветната област.

Во системот од споделени папки Електронски информатор за судии постои папка Оддел за судска пракса која е достапна за секој судија.

На крајот на месецот ќе се генерираат Табели на одлуки од ВСРСМ по вонредни и редовни правни лекови за Кривичен и Граѓански оддел и истите ќе се копираат во папката Табели за евиденција на ВПЛ и одлуки за СП.

Одлуките од ВСРСМ ќе се копираат во споделените папки Одлуки од ВСРСМ во Кривичен и Граѓански оддел, секоја во папката за соодветната правна област.

Претседателот на судот закажува месечни Седници на оддел за судска пракса, на кои се разгледуваат Табелите на одлуки од ВСРСМ по вонредни и редовни правни лекови за Кривичен и Граѓански оддел и се издвојуваат одлуките за судска пракса. На овие седници се разгледуваат и други прашања поврзани со овој оддел.

Записникот од одржаната седница на одделот за судска пракса се копира во папката Записници од седници на оддел. Одлуките од ВСРСМ кои се избрани за судска пракса се копираат во папките Одлуки за судска пракса во Кривичен и Граѓански оддел, секоја во папката за соодветната правна област.

Судиите во одделот за судска пракса, во соработка со останатите судии и стручните соработници определени во Одделот за судска пракса, изготвуваат сентенци за избраните одлуки и истите ги копираат во папките Сентенци за Билтен 2020 во Кривичен и Граѓански оддел.

По потреба се копираат и други содржини кои се поврзани со судската пракса: Заклучоци од средбите на 4-те апелациони судови и ВСРСМ, Одлуки од ЕСЧП и др.

## Изработка на Билтен на судска пракса

На крајот на годината, согласно заклучоците од одржаните Седници на Одделот за судска пракса, ќе се изработи Билтен бр.13 на судската пракса на АС Штип, кој ќе ги содржи сентенците од избраните одлуки за судска пракса, Заклучоците од средбите на 4-те апелациони судови и ВСРСМ и други материјали од важност за судската практика.

Информатичарот ќе ги направи потребните подгтотовки за публикување на Билтенот бр.13: во печатена форма, во дигитална форма на ЦД и PDF формат.

Се преземаат активности за печатење и изработка на ЦД во број на примероци определен од Претседателот на АС Штип.

Билтенот во PDF формат од страна на информатичарот се објавува на судската web страна, а во интерактивен формат (начин на кој е прикажан во ЦД верзијата) се копира во папката Билтени која е достапна преку споделената папка Електронски информатор за судии.

**Забелешка:**

Потребно е редовно ажурирање и одржување на податоците во новата Програма за судска пракса која што беше целосно преработена во текот на 2020 година.